# ЗАПИСНИК
## од 6-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 30.12.2021 година

Седницата се одржа во салата за седница на Советот на Општина Валандово.

Беа превземени сите мерки за безбедност на присутните за спречување на ширењето на вирусот Ковид 19. Просторијата претходно беше дезинфицирана, а за целото времетраење на седницата се носеа заштитни маски и се користеа средства за дезинфекција на раце.

Седницата започна во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 членови на Советот. Отсутен беше Окан Абдулов. Беше присутен Градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од службите на Општина Валандово и од Радио Валандово истата се пренесуваше во живо.

За работа на 6-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2022 година;
2. Предлог-План на програми за развој;
3. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
4. Предлог - Буџетски календар за 2022 година;
5. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година;
6. Финансиски план на ЈОУДГ ,,Калинка" Валандово за 2022 година;
7. Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година;
8. Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2022 година;
9. Предлог - Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2022 година;
10. Предлог – Деловник за работа на партиципативното тело за урбанистичко планирање;
11. Квартален финансиски извештај за работата на Јавното Претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година и за период од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година;
12. Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за 2022 година;
13. Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година;
14. Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2022 година;
15 Предлог - Програма за млади на Општина Валандово за 2022 година;
16. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2022 година;
17. Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Државна видеолотарија – Аустриа Касинос ДОО Скопје;

18. Предлог - Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма и назначување на ликвидатор на ЈП ,,АСТРА-ЛУНА" Струмица;
19. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневниот ред.
Никој не се јави за збор.
Дневниот ред беше ставен на гласање и истиот беше изгласан едногласно, со 14 гласа ЗА.

Беше отворена расправа по записникот од 5-тата редовна седница.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 14 гласа ЗА.

Се пристапи со работа на седницата.

ТОЧКА 1
По Предлог - Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, образожение даде претставникот од Одделението за финансирање и буџет, Марија Чурлинова Јорданова.
Беше отворена расправа.
Валентина Јанева се јави за збор. Рече дека според нејзината анализа на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година заклучила дека истиот е развоен, добар, економски и рационален, со добро буџетско планирање и на приходите и на расходите. Според неа буџетот за 2022 година е дури уште подобар и поразвоен и од претходниот буџет за 2021 година.
Јулија Тушевска се јави за збор. Како координатор на советничката група на ВМРО ДПМНЕ изјави дека до Комисијата за финансирање и Буџет биле доставени 5 амандмани на Предлог Буџетот, но истите биле одбиени. Рече дека смета дека овие амандмани се од суштинска важност и истите, без оглед на , треба да бидат прифатени. Притоа таа уште еднаш ги повтори сите амандмани:
1. Програмата ЛА – набавка на опрема за загревање и ладење на спортската сала ,,Филип II Македонски,, . Средства во износ од 1 500 000,оо денари; Рок –јуни 2022 година:
2. Програмата ЈД –реконструкција на улици и патишта со пешачка патека во с. Марвинци во должина од 1,5 км и ширина 1 м..средства во износ од 2 000 000 денари;
3. Програма ФА Реконструкција на младински дом во с. Собри. Средства во износ од 150 000 денари, Рок јуни 2022 година.
4. Програма ФА Реконструкција на младински дом во с. Јосифово. Средства во износ од 1 100 000 денари, Рок јуни 2022 година.
5. Програмата ЈД –реконструкција на улици ,,Топли леи,, во с.Удово.

Од нејзина страна беше кажано дека на Комисијата беа поднесени овие амандмани но истите беа одбиени, поради тоа што не е наведено од кои ставки ќе се намалат средствата за да се вметнат овие нови позиции.
Градоначалникот зема збор. Рече дека овие два месеци Општината се обидува да ги запази сите рокови за изготвување на буџетот и да ја вклучи јавноста во неговото креирање. За амандманите беше кажано да се поднесат навреме за да бидат разгледани, а и целата администрација беше на располагање. Амандманите се поднесени, но процедурата за нивното поднесување е погрешна. Потребно е да се каже и приходната страна, односно од каде ќе се префрлат средствата кои треба да се употребат за новите ставки (расходната страна). Но, и покрај тоа, тој истакна дека сите овие амандмани (освен домот во Јосифово) се вметнати во него. Информираше дека цел месец општината имаше јавен повик до граѓаните за доставување на предлози и идеи кои можат да бидат поддржани од буџетот и многу од нив се прифатени. Патеката во с. Марвинци е ставена во програмата, но сеуште не е распишана постапката за реализација. Реконструкција на домот во с.Собри е отпочната со реновирање на кровот, но ќе се продолжи и со други позиции. За домот во Јосифово треба да се развие дискусија и да се прашат граѓаните дали да се превземе нешто. Улицата во с. Удово е вметната во наредната

програма за изградба на улици и патишта за 2022 година и за нив дополнително ќе се гласа. Рече дека ќе се настојува да се гради рамномерно насекаде бидејќи сите граѓани плаќаат данок. Ќе се прави реконструкција на спортските терени во Валандово, Јосифово и Пирава. Истакна дека буџетот на општината е реален, се пренесуваат некои обврски од претходната година и за проектите кои се во тек, плаќањето ќе се изврши наредната 2022 година. Сите документи Општината ги има закачено на веб стараната и затоа на полето на транспарентноста Општината котира високо. За улицата Моша Пијаде во Јосифово (од Јосифово до Г. Маала) општината има добиено средства и во наредната година истата ќе се изгради. И на крај градоначалникот изјави дека ги прифаќа 4-те амандмани поднесени од опозицијата и пред граѓаните ветува дека истите ќе бидат реализирани.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Праша зошто во Програмата ЛЕР од 10 500 000 денари во 2021 година сега за 2022 година има 1 500 000 денари. Зошто 9 000 000 денари помалку и како ќе се бориме со намалување на невработеноста со намалување на средствата за ЛЕР. За амандманите рече дека се касни затоа што Нацрт буџетот наместо во средината на ноември е доставен на 20.12.2021 година и смета дека можеби не биле уредно поднесени, но тоа не е причина да бидат одбиени. Праша кои предлози на граѓаните се вметнати во Буџетот на ОВ за 2022 година.

Образожение на прашањата даде Марија Чурлинова Јорданова. Рече дека во 2021 година ставката за ЛЕР е доста поголема поради тоа што имаше предвидено изградба на Детски градинки, а во 2022 година има предвидено средства за Дневниот центар за деца со посебни потреби, за плати и за тековно одржување.

Градоначалникот зема збор. Рече дека не им верува на зборовите туку делата. Граѓаните активно учествуваа во креирањето на буџетот и тој е направен со цел да се менува инфраструктурниот амбиент, бидејќи има голема група на млади луѓе кои се решени да останат да живеат и работат во Валандово.

Претседателот на Советот Владимир Марков рече дека амандманите не се прифатени поради тоа што во нив нема прикажано од каде ќе се намалат средствата за да се вметнат овие ставки кои се предлагаат. Истите предлози се предвидени во програмите и дополнително ќе се разгледуваат и ќе се гласаат.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2022 година беше ставен на гласање и беше изгласан со 8 гласа ЗА, 0 ВОЗДРЖАНИ и 6 ПРОТИВ.

По изгласувањето на Предлог - Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, градоначалникот се обрати на јавноста и рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ се однесува политикантски. Иако нивните амандмани се вметнати во Буџетот, тие истиот не го гласаа. На граѓаните и на советниците им го честиташе донесувањето на буџетот.

Претседателот на Советот Владимир Марков даде појаснување дека оваа е генерална програма на Општината. Средствата во текот на годината може да се зголемат, при што појасни дека ЈП Комунален сервис во својата програма предвидува кога, колку и како ќе се вршат услугите во дејноста јавна чистота, која е опфатена со Буџетот.

ТОЧКА 2

По Предлог-Планот на програми за развој беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По отворената расправа по Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година никој не се јави за збор, па беше изгласана со 8 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 4

Бидејќи по Предлог - Буџетскиот календар за 2022 година никој не се јави за збор, истиот беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 0 ВОЗДРЖАНИ и 6 ПРОТИВ.

ТОЧКА 5

По Предлог - Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година, беше отворена расправа.

Никој не се јави за дискусија, па предложената одлука беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Финансискиот план на ЈОУДГ ,,Калинка” Валандово за 2022 година, образложение даде директорката на градинката Марија Занова.

Беше отворена расправа.

Анита Коцева се јави за збор. Ја праша директорката дали има планирано доволно средства за привремени вработувања, бидејќи за октомври и ноември вработените имаат добиено само по 6 000 денари.

Марија Занова одговори дека ова се работи за 2022 година, а за 2021 година се исплатени средства и за декември.

Анита Коцева праша колкав износ е исплатен за декември, а директорката Марија Занова одговори дека таа беше присутна на седницата на која се правеше пренамената на средства и запознаена е со тоа.

Немаше други пријавено за дискусија, па Финансискиот план на ЈОУДГ ,,Калинка” Валандово за 2022 година беше ставен на гласање и беше изгласан со 8 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 7

По Предлог - Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог- Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2022 година немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог - Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Деловникот за работа на партиципативното тело за урбанистичко планирање, никој не се јави за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Финансискиот извештај за работата на Јавното Претпријатије ,,Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година и за период од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година беше отворена расправа.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека не е коректно извештај да дава ВД директорката на ЈП Комунален сервис бидејќи таа е нова. Но, покрај се тој праша колку средства се планирани за вработувања во ЈП Комунален сервис.

Претседателот на Советот Владимир Марков даде појаснување дека во вториот квартал ЈП прикажува загуба, додека во третиот квартал има добивка.

ВД Директорката на ЈП Емилија Заева Костова даде појаснување дека од страна на сметководителот направена е ненамерна грешка и е даден погрешен податок , односно третиот квартал исто така има загуба, а не добивка. Инаку рече дека иако таа е нова, за се стои на располагање да одговори на меил.

Немаше други пријавено за дискусија па Финансиски извештај за работата на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година и за период од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година, беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 0 ВОЗДРЖАНИ и 6 ПРОТИВ.

ТОЧКА 12

По Предлог - Програмата за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за 2022 година, детално образложение имаше ВД Директорката на ЈП Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 13

По Предлог - Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година, беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Даде предлог во Програмата за 2022 година да се додаде проект за осветлување на патот Јосифово-Удово бидејќи тоа е делница со многу несреќи и смртни исходи. Потенцијалната опасност е во вечерните часови кога има движење на пешаци и доста земјоделски машини. И како проблем за најитна интервенција го посочи осветлувањето на раскрсницата Удово–Миравци-Гевгелија –Валандово. Рече дека знае дека Општината нема надлежност бидејќи се работи за регионален пат, но предложи да се издејствува истата да се префрли на општината и да се осветли.

Претставникот од општинската администрација Глигорије Џилвиџиев даде образложение на Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година. Рече дека Проектот за замена на уличното осветлување кој се спроведе во 2021 година, е заслужен за тоа да во време на енергетска криза Општината има заштеда на електрична енергија.

Аспарух Москов повторно се јави со реплика и рече дека раскрсницата веќе три месеци нема осветлување и треба да се реагира под итно.

Претседателот на Советот Владимир Марков рече дека ќе се превземе нешто во најскоро време. Воедно упати благодарност до составот на претходниот Совет на ОВ бидејќи го изгласаа проектот за енергетска ефикасност со кој сега Општината за време на енегетска криза има заштеди на електрична енергија во износ од 900 000 за период март-декември 2021 година.

Немаше други пријавени па Предлог – Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 14

По Предлог - Програмата за работа на ТППЕ Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 15

По Предлог -Програмата за млади на Општина Валандово за 2022 година, образложение имаше Службеникот за млади од општинската администрација Владимир Лазов. Рече дека оваа Програма е поврзана со Локалниот младински совет кој неодамна е формиран и кој има право на 0,1 % од општинскиот буџет.

Немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 16

По Предлог - Програмата за работа на Советот на Општина Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 17

По Предлог - Одлуката за прифаќање на донација од Државна видеолотарија – Аустриа Касинос ДОО Скопје, немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Предлог- Одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма и назначување на ликвидатор на ЈП ,,АСТРА-ЛУНА" Струмица, беше отворена расправа.

За збор се јави Анита Коцева. Рече дека за оваа точка треба некој да даде појаснување за што точно се работи.

Тоше Тодоров се јави за збор. Праша ако се ликвидира ова претпријатие како општините ќе се справуваат со кучињата скитници.

Претставникот од општинската администрација Глигорије Џилвиџиев даде образложение дека Општина Валандово секоја година распишува постапка за справување со кучињата скитници. Инаку ова заедничко претпријатие беше формирано со заедничка партиципација на 10 општини од југоисточниот регион, но сега со промената на власта новите градоначалници не се согласни со начинот на функционирање и затоа истото мора да се ликвидира. Општината понатаму ќе продолжи да се справува на стариот начин.

Немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа.

ТОЧКА 19

По Предлог – Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово за деновите 6 ти, 7 ми и 08 ми јануари 2022 година, немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 6-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Советнички прашања не беа поставувани.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков